**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 04.10.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4714 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, и 142/16), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 12 до 18 септември 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 октомври 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокално и/или вокално инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално - инструментална; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван од 12 до 18 септември 2016 година, на државно ниво, **се констатирани прекршувања на член 92 ставови 4 и 6** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со мониторингот е утврдено дека програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје:

- Не ја почитува законската обврска во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и/или вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик. Во анализираната недела емитуваше 4 часа 2 минути и 1 секунда музика;
- Не ја почитува обврската за процентуална распределба на емитуваната музика - 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 2 часа 37 минути и 37 секунди, а забавната музика со 1 час 24 минути и 24 секунди;
- Не ги почитува одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во овој период, не емитуваше воопшто инструментална музика од македонски автори и вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, во неделата од 12 до 18 септември 2016 година, не ја почитуваше законската обврска да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и/или вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, од која 50% ќе биде народна и 50% забавна музика. Исто така, во периодот од 07:00 до 19:00 часот, не емитуваше најмалку половина од законскиот минимум музика, ниту пак обезбеди соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика во овој период.

**9. Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Забелешка:*** *На 14 септември 2016 година, во периодот во 15:19:23 до 16:47:05, поради технички проблеми кај операторот недостасува снимка од програмскиот сервис и ова време не е земено предвид во анализата.*

***Сектор за програмски работи***